РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата поставено е прашање во однос на тоа дали има законска пречка државен пазарен инспектор да биде член на совет на општина.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ", бр. 12/19), го издаде следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија извести дека согласно член 44 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси на службено лице кое е вработено во локалната администрација, доколку е избрано за член на совет на општина, односно Градот Скопје, работниот однос му мирува согласно со закон, со денот на верификација на мандатот на член на совет.

Имено, во конретниот случај не се работи за вработено лице во локалната администрација, по што не постои законска пречка да вработено лице во Државниот пазарен инспекторат биде член на совет на општина.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**